**Известување за концентрација која се однесува на стекнување на индиректна едиствена контрола од страна на Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. , Холандија над средства во сопственост на КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје**

**(предмет бр. 08-73 од 2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 05.04.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на индиректна единствена контрола од страна на Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. со регистрирано седиште на Проф. В.Х. Кеесомлаан бр.5 1183 ДЈ, Амстелвеен, Холандија над средства во сопственост на КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје со регистрирано седиште на ул. Васил Иљоски бр.3, Скопје, Република Северна Македонија.

-**Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В.** е друштво со ограничена одговорност основано врз основа на законите на Холандија со регистрирано седиште и деловна адреса на Проф. В.Х. Кеесомлаан бр.5 1183 ДЈ, Амстелвеен, Холандија. Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. е холандска компанија за управување со средства, холдинг на меѓународниот конгломерат Јилдирим Груп, кој има двојно седиште во Амстелвен, Холандија и Истанбул, Турција. Главната активност на Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. се состои главно од делување како холдинг и финансиска компанија.

Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. е крајното холдинг душтво чии удели се во сопственост на членовите на семејството Јилдирим.

Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. е член на Групацијата Јилдирим, вертикално интегриран индустриски конгломерат базиран во Истанбул, Турција и Амстелвен, Холандија. Групацијата Јилдирим работи во следните индустрии: рударство и феролегури, вештачки ѓубрива и хемикалии, јаглен и кокс, енергија, управување со пристаништа, превоз, бродоградба, изградба на недвижнини, градежништво и приватен капитал.

За целите на оваа трансакција, Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. има основано две друштва со посебна намена:

-**КИНГМЕН РЕФРАКТОРИС ДООЕЛ Скопје**, друштво основано во Република Северна Македонија, со седиште на Бул. 8 Септември бр.16, кат 2 / Хипериум – Бизнис Центар, Скопје, Северна Македонија, со деловни активност кои се состојат од производство на огноотпорни производи; и

-**ДАБЛ ИГЛ НИКЕЛ ДООЕЛ Скопје**, друштво основано во Република Северна Македонија, со седиште на Бул. 8 Септември бр.16, кат 2 / Хипериум – Бизнис Центар, Скопје, Северна Македонија, со деловни активност кои се состојат од производство на други обоени метали.

-**Целни средства**: Трансакцијата вклучува стекнување на средства во сопственост на **КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје**, со адреса на Васил Иљоски бр. 3, Скопје, Северна Македонија. Средствата претходно биле во сопственост на:

-ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци, Кавадарци - во стечај, со адреса на населено место без уличен систем Возарци, Кавадарци, Северна Македонија. Деловните активности на ЕУРОНИКЕЛ

ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци -во стечај се состојат од производство на висококвалитетен фероникел за употреба во индустријата за производство на нерѓосувачки челик

-НОВА РЕФРАКТОРИ ДОО Пехчево, со адреса на Индустриска 6, 2326 Пехчево, Северна Македонија. Деловните активности на НОВА РЕФРАКТОРИ ДОО Пехчево се состојат од производство на огноотпорни производи.

На 22 март 2024 година, КИНГМЕН РЕФРАКТОРИС ДООЕЛ Скопје и ДАБЛ ИГЛ НИКЕЛ ДООЕЛ Скопје, како купувачи, склучија купопродажни договори со КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје, како продавач, што се состои од планираното стекнување контрола врз средствата на ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци, Кавадарци - во стечај и НОВА РЕФРАКТОРИ ДОО Пехчево.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

09.04.2024 година

Скопје